# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 25 Јануари 2019 година<br>Службен гласник број 1<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијалн<br>банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: „Прилепски бранители " бр.1, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, емаил:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2019 ГОДИНА**

1.Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2019 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-280/1
25.01.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 26, точка 4 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 25.01.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2019 година

Член 1
Со оваа одлука се вршат измени во Одлуката бр.09-4626/3 од 26.12.2018 година.

Член 2
Во став 3 од Членот 9 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2019 година бр. 09-4626/3 од 26.12.2018 година, износот "8.406,00 денари" се заменува со „8.454,00 денари".

Член 3
Оваа одлука е во целост составен дел на одлуката бр.09-4626/3 од 26.12.2018 година.

Член 4
Останатите одредби од одлуката остануваат непроменети.

Член 5
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 09-278/2
25.01.2019 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп"бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08-280/2 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 25.01.2019 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Советот на Општина Прилеп, на 23-та седница одржана на 25.01.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година

Член 1
Со оваа Одлука се вршат измени во Одлуката бр.09-4626/4 од 26.12.2018 година.

Член 2
Се менува членот 1 од Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година и гласи:
''Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за периодот од 01.01.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари''.

Член 3
Оваа Одлука е во целост составен дел на Одлуката бр.09-4626/4 од 26.12.2018 година.

Член 4
Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп", а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2019 година.

| | |
|---|---|
| Број 09-278/3 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 25.01.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ**

1. Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавно Претпријатие за енергетски дејности, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08-280/3 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 25.01.2019 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 1, 9 и 10 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010 и 6/2012 ), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на Р.М.бр.5/2002 ) и член 26 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 25.01.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавно Претпријатие за енергетски дејности**

член 1

Во Одлуката за основање на Јавно Претпријатие за енергетски дејности („Службен гласник на Општина Прилеп“ бр.15/2018), во член 2 во дејностите кои ќе ги врши претпријатието, согласно националната класификација на дејности се додаваат дејностите класифицирани под следните шифри:

33.20 Инсталирање на индустриски машини и опрема

35.11 Производство на електрична енергија

35.22 Дистрибуција на гасовити горива преку дистрибутивните системи

42.99 Изградба на други објекти од нискоградба, неспоменати на друго место

43.21 Електроинсталатерски работи

43.99 Останати специјализирани градежни работи неспоменати на друго место

71.12 Инженерство и со него поврзано техничко советување

член 2

Одлуката да се достави до лицето именувано за водење на работите на Јавното претпријатие за енергетски дејности до неговото конституирање-Игор Спиркоски, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Прилеп’’.

| | |
|---|---|
| Број 09-278/4 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 25.01.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Миле Талевски |

з основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ “ЕНЕРГО-ПРИЛЕП“ ПРИЛЕП**

1. Решението за именување на членови во Надзорниот одбор на Јавно претпријатие за енергетски дејности “Енерго-Прилеп“ Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-280/4 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 25.01.2019 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002 ), член 26 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 ), член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008 ) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 25.01.2019 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за именување на членови во Надзорниот одбор на Јавно претпријатие за енергетски дејности “Енерго-Прилеп“ Прилеп

1.За членови во Надзорниот одбор на Јавно претпријатие за енергетски дејности “Енерго-Прилеп“ Прилеп, се именуваат:

1. Моника Стамеска, дипломиран економист
2. Николина Талимџиоска, м-р по економски науки
3. Илија Најдоски, м-р по економски науки

4. Борче Стевананџија, машински инжинер
5. Цене Здравкоска, дипломиран економист

2.Мандатот на членовите во Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за енергетски дејности "Енерго-Прилеп" Прилеп трае четири години.

3.Решението да се достави до именуваните, Јавното претпријатие за енергетски дејности "Енерго-Прилеп" Прилеп, архивата и Градоначалникот на Општина Прилеп.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 09-278/5 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 25.01.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ "ЕНЕРГО-ПРИЛЕП" ПРИЛЕП**

1. Решението за именување на членови во Управниот одбор на Јавно претпријатие за енергетски дејности "Енерго-Прилеп" Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08-280/5 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 25.01.2019 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002 ), член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 ), член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008 ) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 25.01.2019 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за именување на член во Управниот одбор на Јавно претпријатие за енергетски дејности "Енерго-Прилеп" Прилеп

1.За членови во Управниот одбор на Јавно претпријатие за енергетски дејности "Енерго-Прилеп" Прилеп, се именуваат:

1. Јорданоска Соња, дипломиран економист
2. Симона Макреска, дипломиран економист
3. Филип Петкоски, дипломиран правник
4. Дејан Костоски, дипломиран економист
5. Жаре Стеваноски, дипломиран правник
6. Николина Трајкоска, дипломиран економист
7. Кире Митрикески, машински инжинер

2.Мандатот на членовите во Управниот одбор на Јавното претпријатие за енергетски дејности "Енерго-Прилеп" Прилеп трае четири години.

3.Решението да се достави до именуваните, Јавното претпријатие за енергетски дејности "Енерго-Прилеп" Прилеп, архивата и Градоначалникот на Општина Прилеп.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 09-278/6 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 25.01.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИ, НА ЈКП ,,ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА'' ПРИЛЕП**

1. Одлуката за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плати, на ЈКП ,,Водовод и канализација'' Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-280/6
25.01.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), член 88 став 3 од Законот за административни службеници (Службен весник на Р.М. број 27/2014, бр.199/2014, бр.48/2015, бр.154/ 2015, бр.05/2016, бр.142/2016, бр.80/2016, бр.127/2016, бр.2/2017, бр.16/2017 и бр.11/2018), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 25.01.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плати, на ЈКП ,,Водовод и канализација'' Прилеп

член 1

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плати, на ЈКП ,,Водовод и канализација'' Прилеп, бр.02-313/4 од 10.10.2018 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈКП ,,Водовод и канализација'' Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-278/7
25.01.2019 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ СО ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА И ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2019 ГОДИНА, НА ЈКП ,,ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА''-ПРИЛЕП**

1. Одлуката за усвојување на Програмата за работа и развој со инвестициони вложувања и финансиски план за 2019 година, на ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-280/7
25.01.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15И 39/16)и член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 25.01.2019, донесе:

**О Д Л У К А**
за усвојување на Програмата за работа и развој со инвестициони вложувања и Финансискиот план за 2019 година, на ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп

член 1

Се усвојува Програмата за работа и развој со инвестициони вложувања и Финансискиот план за 2019 година, на ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп, бр.01-379/1 од 19.12.2018 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-278/8
25.01.2019 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2019 ГОДИНА, НА ЈКП ,,ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА''-ПРИЛЕП**

1. Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година, на ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-280/8
25.01.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 20-б став 1 алинеа3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на ден 25.01.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година,
на ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп

член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година, на ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп, бр.01-553/2 од 31.12.2018 година.

член 2

Одлуката да се достави до Градоначалникот, ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-278/9
25.01.2019 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈОУ ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА ,,КИРО КРСТЕСКИ ПЛАТНИК''-ПРИЛЕП, ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Одлуката за усвојување на Финансискиот план на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески Платник''-Прилеп, за 2019 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-280/9
25.01.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со член 101 став 1 алинеа 5 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" број 79/09,број 36/11, број 51/11, број 166/12, број 15/13, број 79/13, број 164/13, број 187/13, број 38/14, број 44/14, 116/14, број 180/14, број 33/15,број 72/15,број 104/15, број 150/15,број 51/10), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 25.01.2019, донесе:

**О Д Л У К А**

за усвојување на Финансискиот план на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески Платник''-Прилеп, за 2019 година

член 1

Се усвојува Финансискиот план на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески Платник''-Прилеп, за 2019 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески Платник''-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

| | |
|---|---|
| Број 09-278/10 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 25.01.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2018 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-280/10 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 25.01.2019 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 20, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 ,163/16 , 64/18 и 168/18), член 22, став 1, точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр. 4/05 и 10/08), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 25.01.2019 год, донесе:

**П Р О Г Р А М А**

за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2018 година

Во годишната програма за изработка на урбанистичките планови на Општина Прилеп за 2018 година се врши дополнување во поглавјата :

**,,Г,, ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА после точка 17 се додава нова точка 18 која гласи**

18. Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Нов 0.4 kV кабелки вод и поставување на кабелски разводни орамри и мерен разводен ормар низ КП бр.1174, бр.1117 и КП бр.487 (КО Прилеп) – Општина Прилеп

**,,Д,, АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ после точката 10 се додаваат две нови точки 11 и 12 кои гласат:**

11. Архитектонско- урбанистички проект за препарцелација и формирање на нови градежни парцели ГП168.1 и ГП 168.2 од ГП 168 во ДУП за УАЕ 1,УБ1.04, Општина Прилеп.

12**.** Архитектонско- урбанистички проект за препарцелација – спојување на две градежни парцели во една – ГП 11.3 и ГП 11.4 во ДУП за УАЕ 19, УБ 19/3-дел „Металец“ на КП 23858/7 и КП 23858/8, КО Прилеп, Општина Прилеп.

**3. Финансирање**

За финансирање изработка на урбанистичките планови од програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Прилеп за 2018г и од страна на заинтересирани правни и физички лица чииишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината.

**Завршни одредби**

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Прилеп,,

| | |
|---|---|
| Број 09-278/11 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 25.01.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ И СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-280/11 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 25.01.2019 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.05/02), член член 26 ст 1 точка 16 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп (Сл.гласник бр.6/03, 4/05 и 10/08) Советот на Општината Прилеп на седницата одржана на 25.01.2019 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ И СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**1. Општи одредби**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат критериумите и стандардите за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Прилеп.

**Член 2**

Урбана опрема може да се поставува во согласност со закон, прописите донесени врз основа на закон, критериумите и стандардите утврдени со оваа одлука и условите, начинот и постапката утврдени со посебни прописи.

**Член 3**

(1) Како урбана опрема согласно член 2 став 4 од Законот за градење. се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, опрема за спортско-рекреативни активности, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

(2) Под "јавна површина" се подразбира простор кој во важечките акти за уредување на просторот е дефиниран и означен со регулациони линии, градежно земјиште кое е во општа употреба и воздушниот простор над него.
(3) Слободна проодна површина е дел од јавната површина наменета исклучиво за движење на пешаци, на која не смее да се поставува урбана опрема.

**Член 4**

(1) Одредбите на оваа одлука се применуваат во управната постапка во која се решава за основаноста на барањето за поставување на урбана опрема на јавни површини.
(2) **Одредбите на оваа одлука не се однесуваат на дефинирани градежни парцели согласно детален урбанистички план.**

**2. Општи стандарди и критериуми за поставување на урбана опрема**

**Член 5**

(1) Со поставување на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, не смее да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува или намалува естетскиот и општиот изглед на околината.
(2) Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го нарушува или намалува естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава или непријатна миризба.

**Член 6**

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истата **не смее да биде трајно прицврстена за подлогата,** а нејзиното поставување и отстранување треба да може да се изведе лесно, едноставно и без оштетување на подлогата.

**Член 7**

Урбаната опрема како и јавната површина врз која е поставена мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

**Член 8**

(1) При поставување на урбана опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.
(2) При поставување на урбана опрема, не смеат да се преземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.
(3) При поставување на урбана опрема, не може да се монтираат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на подлогата за терен во пад каде котата на едната страна од платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците или лица со посебни потреби.

**Член 9**

(1) Минималната широчина на јавната површина- тротоари на сообраќајници на кои може да се постави урбана опрема, изнесува **3,2м.**
(2) При поставувањето на урбаната опрема мора да се запазат следните стандари: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од **0.80 м** од рабникот на коловозот (за кошничка за отпадоци, жардињери, рекламни направи и др.) односно **1.5м до 2,5м** од рабникот на коловозот (за автобуски стојалишта, киосци, дрвореди).
(3) Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува **2.4 м**, а при поставување на настрешници и тенди минималната височина изнесува **2.8 м.**

**Член 10**

(1) Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условите од оваа Програма и условите од други прописи.
(2) Доколку во просторот околу деловниот објект има организирана јавна пешачка прометна површина на која може да се постави

урбана опрема, тогаш вршителот на дејноста од деловниот објект има право да поднесе барање за користење на истата, за кое ќе биде потребно да обезбеди **посебно мислење од страна на Комисија** формирана од Градоначалникот за одобрување на елаборати за исполнети стандарди од оваа одлука и условите од други прописи.

(3) Опремата може да излегува од границите на ширината и должината на објектот доколку местото каде што се поставува урбаната опрема претставува просторна целина, поставувањето не го попречува нормалното движење на пешаци и интервентни возила, ги исполнува пропишаните стандарди од оваа одлука и како целина е **одобрена од страна на Комисијата** формирана од Градоначалникот за спорведување на оваа Одлука.

**Член 11**

(1) При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува **1,5м.**

(2) Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столпчиња, денивелација и сл. ) но просторот за движење не може да биде помал од **1,2м**.

(3) Широчината на слободната проодна површина на тротоарите, се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

**Член 12**

(1) Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум **8,0 м** од пресечната точка на двете регулациони линии.

(2) Доколку пешачката површина е поголема од 5,0 м, во радиусот на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од **2,5 м** од работ на коловозот односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект).

**Член 13**

При поставувањето на урбаната опрема, покрај стандардите утврдени со оваа Одлука, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење, видот на дејноста која се врши и слично.

**Член 14**

(1) Низ пешачките улиците во централното градско подрачје, минималната широчина на слободната пешачка проодна површина, треба да изнесува од 1,5м до 2,5 м, во зависност од просторните услови утврдени при увидот на лице место

(2) На плоштадите, пешачките улици во централното градско подрачје и други места каде за тоа постојат просторни услови, површина за поставување на отворени тераси за угостителска дејност ќе се утврдува согласно исполнети минимално технички услови, но не поголема од **6.оо м** мерено од објектот према слободната јавна површина.

**3. Посебни стандарди за поставување на урбана опрема**

**Платформи**

**Член 15**

(1) Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

(2) Платформите се поставуваат на изградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа одлука.

(3) Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја користел јавната површина.

**Информативни паноа**

**Член 16**

(1) Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на град Прилеп, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.
(2) Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.
(3) Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

**Телефонски говорници**

**Член 17**

(1) Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на зид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.
(2) Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5м x 1,5м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

**Јавни санитарни јазли**

**Член 18**

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација

**Тераси, шанкови и настрешници**

**Член 19**

(1) Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17) особено по однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби).
(2) Не е дозволено затворање на урбаната опрема на летната тераса со најлони, стаклени прегради и сл. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. При тоа се забранува скаладирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување на куп.

**Член 20**

(1) На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди.
(2) Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси,столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.
(3) Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

**Член 21**

(1) Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува **1,5м.**
(2) Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали.

**Член 22**

(1) Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настрешници) поставени на една тераса теба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

(2) Чадорите се со минималната слободна височина од **2.4м.** Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткрива само одобрената површина и не смеат да биде прицврстен за подлогата.

**Член 23**

(1) Тендите се типски - монтажни елементи конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот.
(2) При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси, минималната слободна височина изнесува **2.8м**.
(3) Поставената и монтирана тенда смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса.
(4) Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

**Член 24**

(1) Настрешница е лесен монтажно - демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина.
(2) При поставувње на настрешници минималната слободна височина изнесува **2.8м.**
(4) Доколку се поставуваат настрешници, не се поставуваат други видови на заштита од атмосферски влијанија.
(4) Страните на настершницата **не смеат да се затвораат** со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

**Член 25**

(1) Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, не смеат да бидат фиксно прицврстени за подлогата и не смеат да имаат висина поголема од **0,8 м.**
(2) Оградите и жардињерите треба да бидат изведени од квалитетни материјали, со високо естетско ниво и да се вклопуваат во амбиентот.
(3) Во пешачките зони жардињерите може да го уивичат одобрениот простор, доколку тоа го подобрува естетскиот изглед на целокупното опкружување.

**Самостоечките рекламни паноа**

**Член 26**

(1) Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини и во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (“Службен весник на РМ” бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09,161/09,36/11 и 51/11) и посебен акт на Општина Прилеп.
(2) Самостоечките рекламни паноа може да се постават со елаборат за поставување на урбана опрема, по претходно одобрување од страна на посебната **Комисија** формирана од Градоначалникот на општина Прилеп.

**Опрема за забава на деца и детски игралишта**

**Член 27**

(1) Опремата за забава на деца може да се постави на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење **до 30 дена**.
(2) Опремата за забава на деца може да се постави со елаборат за поставување на урбана опрема, по претходно одобрување од страна на посебната **Комисија** формирана од Градоначалникот на општина Прилеп.
(3) Опремата за забава на деца и детските игралишта може да се постават со елаборат за поставување на урбана опрема, по претходно одобрување од страна на посебната **Комисија** формирана од Градоначалникот на општина Прилеп.

**Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци**

**Член 28**

(1 )Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема.

(2) Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од **1,0м x 1,2м** за луѓето со хендикеп.

(3) Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

(4) Фонтаните може да се постават со елаборат за поставување на урбана опрема, по претходно одобрување од страна на посебната **Комисија** формирана од Градоначалникот на општина Прилеп.

**Жардињери, граничници**

**Член 29**

(1) Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

(2) Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

(3) Поставувањето на овие елементи е во границите на одобрената површина.

**Тезги**

**Член 30**

**(1)** Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена.

(2) Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветни на спецификите на локацијата.

(3) Максималната површина на тезгите изнесува **2,0 м до 4,0 м,** и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста.

(4) Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

(2) Тезгите од став (1) може да се постават со елаборат за поставување на урбана опрема, по претходно одобрување од страна на посебната **Комисија** формирана од Градоначалникот на општина Прилеп.

**Елементи за изложување на производи**

**Член 31**

(1) Елементи за изложување на производи (храна) се витрини, полици, фрижидери.

(2) Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговски локали, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

(3) Елементи за изложување на производи се поставува покрај зидот на локалот.

(4) Над елементите за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

(5) Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на било кој начин. (најлони, застакленување и слично)

**Член 32**

(1) Составен дел на оваа Одлука е Графички прилог во кој се утврдени макролокации за одредени видови на урбана опрема, кои можат да се предвидат.

(2) За сите други видови на урбана опрема, партерно уредување, автобуски стојалишта, јавни санитарни јазли и др., за кои ќе се појави потреба за поставување, дополнително ќе се утврдуваат микролокации врз основа на Елаборат и проектна документација, кои ќе бидат **одобрени од посебна Комисија** формирана од Градоначалникот на општината.

